# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОТВОРАЊЕ И ВОДЕЊЕ СМЕТКИ НА НЕРЕЗИДЕНТИ

## 1. ПРАШАЊЕ

Во точката 3.2 од Одлуката за начинот и условите за отворање и водење сметки на нерезиденти е предвидено дека банката го идентификува физичкото лице – нерезидент врз основа на важечка патна исправа или важечка лична карта ако лицето доаѓа од држава-членка на Европската Унија или од држава со која Република Македонија има склучено билатерална спогодба за прекугранично патување на државјани на двете земји, од кои се утврдува постојаното место на живеење во странство. Доколку во патната исправа или во личната карта не е наведено постојаното место на живеење во странство, банката е должна да го обезбеди овој податок преку сигурни и независни извори или преку изјава потпишана од нерезидентот во која е наведено постојаното место на живеење во странство. Писмената изјава не се прифаќа за нерезиденти од соседните земји на Република Македонија.

Кој документ би бил прифатлив за определување на местото на живеење на физички лица - клиенти од соседните држави, односно кои сигурни и независни извори би биле адекватни за овие клиенти (за веќе регистрирани клиенти за потребите за ажурирање и за нови клиенти – за потребите на регистрирање)?

## ОДГОВОР

Под поимот сигурни и независни извори за идентификација на клиентот физичко лице - нерезидент, при отворање на трансакциска сметка или за потребите на ажурирање на податоците за идентификација на веќе регистрираните клиенти, покрај документите важечка патна исправа или важечка лична карта, можат да се сметаат и други документи издадени во матичната држава од кои, заедно со патната исправа или личната карта, може да се утврди местото на живеење на лицето како на пример, важечка возачка дозвола, сметки за користење комунални услуги не постари од три месеци (струја, вода, испорачана топлинска енергија или гас, сметка за користење телефон).